Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 03-56/3
29.7. 2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на членот 20 ставот 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19) постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот П. М. од , имателот на информацијата – Државниот испитен центар, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот П. М. од , испратено по пошта на 22.7.2025 година и евидентирано во Државниот испитен центар под бр. 03-55/3 од 22.7.2025 година **СЕ УВАЖУВА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Барателот П. М. од , поднесе по пошта барање до Државниот испитен центар за пристап до информации од јавен карактер кое е евидентирано во Државниот испитен центар под бр. 03-55/3 од 22.7.2025 година.

Во него, бара по е-пошта да ѝ се достави следната информација од јавен карактер:

1) Дали лицето С. Б. , директор на ООУ „Гоце Делчев“ – Босилово, согласно Законот за спроведување на напредна обука, членовите 21 и 22, има посетувано обука за континуирано професионално усовршување од најмалку четири семинарски денови, со вкупно времетраење од најмалку 32 часа, во текот на една година?
2) Дали лицето С. Б. има потврда за учество на напредна обука и од кој датум е потврдата?

Постапувајќи по барањето, Државниот испитен центар детално го разгледа и позитивно одговори согласно членот 20 ставот 1 и членот 21 ставот 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и до барателот ја дава следнава информација:

Во одговор на прашањето под точка 1) Согласно динамиката на Државнот испитен центар, лицето С. Б. се пријавило за напредна обука за директор и следело 4 обуки. Врз основа на тоа, го исполнил законскиот минимум од 4 напредни обуки.

Во одговор на прашањето под точка 2) Да, лицето има 4 потврди за напредна обука, и тоа на: 3.11.2024 година; 24.11.2024 година; 30.11.2024 година и 01.12.2024 година. Овие обуки првпат се реализираа во ДИЦ и кандидатите со ист јавен оглас ги следеа во периодот од октомври 2023 г. до

декември 2024 година. За 2025 година, согласно Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, С. Б. се пријавил за напредни обуки, а нивната реализација е во тек.

Согласно барањето на барателот евидентирано во Државниот испитен центар под бр. 03-55/3 од 22.7.2025 година, а во врска со формата и начинот на доставување на информациите, на барателот одговорот – решението му се доставува преку е-пошта.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ**
**ИСПИТЕН ЦЕНТАР,**
**м-р Даниела Јовчевска Михајловска**

**Изготвила:** Сања Јосифовска

**Да се достави до:**
- барателот на информацијата и
- Архивата.